Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 219/0306
10.10 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14.09.2023 година, врз основа на примена жалба од Дарио Панковски за „Репортер.мк" ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „Ќерката на Дарио се разведе по една година брак", објавена од редакцијата на дигиталниот медиум Репортер.мк на 31.08.2023 отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, при што се нарушени членовите 1 и 7 од Кодексот.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 31 август 2023 година од Дарио Панковски пристигна жалба за текстот: „Ќерката на Дарио се разведе по една година брак“, објавен истиот ден во Репортер.мк

Жалителот наведува во жалбата дека станува збор за објава само врз основа на кулоарски разговори, дека немало никаква претходна консултација за потврда на информацијата и дозвола за објавување и дека притоа се нанесени емотивни повреди на споменатата личност.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Репортер.мк да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот до СЕММ немаше пристигнат никаков одговор

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата е основана и ја прифати по што оцени дека се нарушени членовите 1 и 7 од Кодексот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 14 септември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Членовите на Комисијата најпрво констатираа дека темата би можела да биде од интерес за јавноста, но никако не може да стане збор за тема од јавен интерес.
Второ, Комисијата заклучи дека жалителот, Дарио Панковски е јавна личност од сферата на шоу-бизнисот и дека медиумите имаат право да пишуваат за него и детали од неговиот приватен живот до одреден степен, доколку е тоа потврдено со извори и запазување на другите етички начела. Но, секако, констатираше Комисијата, не се јавни личности членовите на неговото потесно или пошироко семејство, како на пример неговата ќерка, чиј што приватен живот е тема предметниот текст што е обжален до СЕММ.

Навлегувајќи во детали, Комисијата исто така донесе едногласна одлука дека е нарушен член 1 од Кодексот на етика, бидејќи недостасува потврда или демант од основниот извор, односно веста се потпира врз „пријатели блиски до семејството“, а редакцијата не направила напор да се обрати директно до засегнатата страна.

Уште поважно, нарушен е член 7, кој ја гарантира приватноста на луѓето доколку веста нема јавен интерес. А тоа е нешто што Комисијата веднаш го утврди на почетокот на разгледувањето на оваа жалба.

„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост“ – гласи член 7 од Кодексот.

Поради наведените аргументи Комисијата за жалби донесе одлука за прекршување на Кодексот како што е погоре наведено.

***

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595